# *ГИ ЗНАЕТЕ ЛИ ВАШИТЕ ПРАВА ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР*

## ГЛАВА 1

1. **Зошто имате право на слободен пристап до информации од јавен карактер?**
    - Правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, со кои располагаат јавните органи, е едно од ***основните човекови права***. Слободниот пристап до информации е и алатка во борбата против корупцијата и погрешното работење на властите и носителите на јавни овластувања.
    - Граѓаните преку слободниот пристап всушност ги контролираат постапките на органите кои тие ги финансираат(1), и ги оценуваат работите кои се од нивен интерес.
    - Правото на пристап до информациите кои ги поседуваат јавните органи, познато е и како **право да се знае,** во последниве десетина години е распространето во сите региони од светот.
    - Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Собранието го изгласа во јануари 2006 година („Сл. весник на Р.М. бр.13., 01.02.2006), а неговата примена започна од 01.09.2006 година. Овој Закон ги одредува правилата за пристап до информации од јавен карактер.

## ГЛАВА 2

**1. Каква цел следите користејќи го ова право?**

- Да се обезбеди јавност и отвореност во работењето на јавните институции, се со цел да му се овозможи на секого од Вас, како физичко и правно лице, да си го остварите правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер, а органот за својата работа е должен да обезбеди информираност на јавноста. (член 2, став 1 и 2)

---

1) Секоја информација создадена од државен орган, институција, правно или физичко лице кое врши дејност од јавен интерес и користи буџетски средства е информација од јавен карактер. Пр. Буџетот на Р.М. се финансира од вашиот денар (преку плаќањето на даноци и др.), оттука вие имате право да добиете информација како истиот се троши од страна на државните органи и институции.

**2. Кои се имателите на информации од јавен карактер?**

- Иматели на информации од јавен карактер се органите на државната власт(2) и други установи и институции утврдени со закон, органите на општините, Градот Скопје и општините во Градот Скопје, јавните установи и служби, јавните претпријатија, како и правни и физички лица кои вршат јавни овластувања и дејности, утврдени со закон. (член 1, став 1 и член 3)

**3. Кој има право да бара информација од јавен карактер?**

- ***Секој има право на пристап до информациите***, без да му биде оневозможено правото по било која основа (верска, расна, полова), а баратели може да бидат и ***странски правни и физички лица*** (член 3 и 4, став 1 и 2). Јавните институции имаат должност на граѓаните да им го овозможат тој пристап. Ова право е загарантирано и во Уставот на Р.М. (член 16, став 3),

**4. Што можете да барате!**

- Имате право да добиете информации од јавен карактер со кои располага секоја институција, со јавни овластувања, како и од правни и физички лица кои вршат јавни овластувања.(член 3)

**5. Имате право да побарате прием кај службеното лице!**

- Секој имател на информации е должен да определи едно или повеќе лица кои ќе Ви помогнат во остварувањето на Вашето право на слободен пристап до информации. Службеното лице ќе Ви помогне при поднесувањето на барањето за што мора да води и посебна евиденција за примените барања за информации, нивно чување и давање на информациите. (член 8, став 1 и 3)

## ГЛАВА 3

**1. Имате право на слободен пристап до информациите од јавен карактер на следните начини!**

- **усно**
- **писмено**
- **по електронски пат** (член 12, став 1):

2) Власта во Р.М. е поделена на : законодавна (Собрание на Р.М., Советот на општината), извршна (Владата, министерствата и другите органи утврдени со Закон за Влада) и судска (Врховен ,Уставен суд, Јавно обвинителство, Јавно правобранителство, Основните судови, Народен правобранител) власт.

- Ако на Вашето усно барање имателот одобри пристап до бараната информација, **веднаш, а најдоцна за десет дена**, треба

да Ви овозможи да се запознаете со содржината на бараната информација.

- Доколку, Вашето барање го поднесете писмено до имателот на информацијата (член 12 и 14), рокот за добивање на одговор по вашето барање изнесува 30 дена, од денот кога сте го поднеле барањето. Сепак, овој рок може да се продолжи за 10 дена, па тој да изнесува 40 дена, и тоа од две причини (член 21 и 22):
  - за да се овозможи делумен пристап; или
  - поради обемност на бараниот документ

При поднесувањето на писменото барање имате право да го побарате **образецот** кој ќе го добиете кај службеното лице. Доколку го нема писмено барање може да напишете на обичен лист хартија, меѓутоа во него треба да потенцирате дека станува збор за барање за пристап до информација од јавен карактер.

- Законот предвидува барањата да можете да ги поднесувате и по електронски пат. (член 15, став 2)

**Забелешка: Треба да знаете дека увидот во бараната информација во принцип е бесплатен. За добиениот препис, документ, фотокопија или електронски запис на информацијата која ја барате, ќе платите надомест во висина на материјалните трошоци, утврдени со Одлука на Владата на Р.М („Службен весник на Р.М. „ бр. 13/06). Ценовникот за надоместокот е објавен на веб страната на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер: sinf.gov.mk во линкот: „Документи на Комисијата„.**

**2. Имате право од службеното лице за посредување со информации од јавен карактер да барате:**

- На Вас, како  на барател, имателите на информации од јавен карактер се должни да Ви обезбедат слободен пристап до информации во посебно определени простории (канцеларија) за да можете да имате увид во бараните информации, а службеното лице е должно да Ви укаже помош при барање на  информации од јавен карактер. (член 11)
- Доколку бараната информација не ја поседува имателот на информацијата каде сте го поднеле барањето, имате право службеното лице да Ве упати во институцијата која го поседува  барaниот документ од Ваша страна.

## ГЛАВА 4

**1. Во кои случаи Вашето барање имателот на информации може да го одбие?**

- Доколку се работи за:
- Класифицирана (заштитена или тајна) информација;
- информација која би значела повреда на заштитата на личните податоци;
- информација за архивското работење која е утврдена како доверлива;
- информација се повредува доверливоста на даночната постапка;
- информација стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка;
- информација, што се однесува на комерцијални и економски интереси;
- информација од документ што е во постапка на подготвување кај имателот на информации;
- информација за заштита на животната средина;
- информација која ги загрозува правата од индустриската или интелектуалната сопственост. (член 6)
- Доколку, Вашето барање е исклучок од слободен пристап до информации, за да биде одбиено треба да помине тест за јавен интерес (тест во три дела), кој ќе обезбеди аргументирани одговори на три прашања:
- ***Исклучокот мора да биде утврден со закон, а не со интерен акт;***

- ***Ако со пристапот се овозможи суштинска штета за заштитената цел;***
- ***Штетата што би се нанела на заштитената цел мора да биде поголема од интересот на јавноста да ја има таа информација.***

- Барањето може да Ви биде одбиено и според Законот за заштита на личните податоци и Законот за класифицирани информации, но и во тој случај се спроведува тест за јавен интерес (тест во три дела).

**Забелешка: Ако јавниот интерес да се знае информацијата е поголем, имателот на информацијата мора да Ви даде пристап до истата.**

## ГЛАВА 5

1. **Имате право на жалба, доколку Вашето барање за слободен пристап до информации е одбиено!**
    - На решението кое сте го добиле, а за кое сметате дека не е во согласност со Законот, или кога од имателот во законскиот рок не сте добиле одговор на Вашето барање, Вие како барател може да поднесете жалба.

2. **До кого ја поднесувате жалбата и во кој рок?**
    - Жалбата треба да ја предадете до имателот на информацијата. Жалбата можете да ја доставите и до Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер. (член 28, став 1-4)
    - Рокот за поднесување на жалба против решението со кое се одбива Вашето барање, е 15 дена, од денот кога сте го примиле решението. (член 28, став 1)
    - Комисијата, по Вашата жалба решава во рок од 15 дена од денот кога ќе ја прими жалбата. (член 28, став 3)

3. **Имате право на тужба:**
    - Решенијата на Комисијата се конечни, но како барател имате право на тужба (да поведете управен спор), против решението на Комисијата. Тужбата ја поднесувате до Врховниот суд на Р.М, кој е надлежен да постапува по истата според одредбите на Законот за управните спорови.

- Тужбата против решението на Комисијата можете да ја поднесете сами или преку полномошник.

**ГЛАВА 6**

- До Комисијата, можете да се обратите и за правна помош, доколку некои процедури и прашања Ви создаваат дилема и се се нејасни. Седиштето на Комисијата е на бул. „Гоце Делчев„ б.б ( во зградата на МРТВ), на 14-ти кат или на телефоните: (02) 3118-038 и 3115-659. На веб-страната: **www.sinf.gov.mk,** ќе ги добиете потребните информации
- За бесплатна правна помош за пристап до документи од јавен карактер можете да се обратите и до „Македонското здружение на млади правници„. Адресата на која можете да се обратите е: бул.„Партизански одреди„ бр.7/6 Скопје, и на телефон: (02) 3220-870.

## *ПРИЈАВЕТЕ ДО КОМИСИЈАТА:*

- **Ве молиме, до Комисијата да ги пријавите сите незаконитости кои можат да Ви се случат при барањето на документ од јавен карактер:**

- Ако Ве известат дека имателот нема назначено службено лице;
- Доколку имателот на информации од јавен карактер нема обезбедено простории во кои Вие како барател би можеле да имате увид во бараните информации;
- Доколку службеното лице не Ви укаже помош при поднесување на барање за пристап до информации од јавен карактер, Комисијата во такви случаи може да ги активира казнените одредби според членовите 42 и 43 од ЗСПИЈК;
- Доколку не Ви ја дадат на увид листата на информации од јавен карактер со која располага имателот до кој сте се обратиле;
- Доколу за дадената информација или документ Ви побараат паричен износ поголем од предвидениот со Правилникот;
- Ваше право е да побарате од службеното лице да Ви издаде потврда дека Вашето барање го примил и под кој архивски број го завел во архивата на институцијата каде сте го поднеле барањето;

- Доколку имателот на информацијата одбил или не го применил тестот за јавниот интерес (тест во три дела) за документ кој спаѓа во исклучок од слободен пристап до информации;
- Доколку имателот Ви даде ***одговор на барањето*** со кој го одбива пристапот до бараната информација, Ваше право, а негова должност е да барате од имателот да изготви ***Решение за одбивање.*** (член 20, став 1 и 2)